# Број 21
# 01.12.2025 година

# Службен гласник на општина Делчево

Уредува

Излегува по потреба

Одделение за правни и општи работи

Декември, 2025

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002, 84/20, 202/24) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 01.12.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од Втората седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Службен гласник на Општина Делчево“ актите донесени на **Втората** седница одржана на **01.12.2025** година:

1. **Одлука** за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;
2. **Јавен повик** пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;
3. **Решение** за формирање на Комисија за селекција на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;
4. **Одлука** за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;
5. **Јавен повик** пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;
6. **Решение** за формирање на Комисија за селекција на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево;
7. **Правилник** за измена на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош;
8. **Правилник** за измена на Правилникот за за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани;
9. **Решение** за именување претставници на основачот во Училишниот одбор на СОУ „М.М.Брицо“ – Делчево;
10. **Одлука** за формирање Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на општина Делчево за 2025 година;
11. **Одлука** за давање согласност на Извештај за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2024 година со Предлог-Одлука за определување на имиња на улици во градот Делчево;

12. **Одлука** за определување на имиња на улици во градот Делчево;
13. **Одлука** за промена на име на улица во градот Делчево;
14. **Одлука** за спонзорство на Здружение ракометен клуб ДЕЛЧЕВО-ВАРДАР Делчево

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08-2727 /1
01.12. 2025 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Иван Гоцевски,с.р.

**1.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 6/ 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25), како и Правилилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на тесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидадатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 22 став 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а по предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Делчево на својата втора седница одржана на 01.12.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево**

**Член 1**

Општина Делчево распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

**Член 3**

Постапката за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Делчево.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 2738/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.12.2025 година — Претседател
Делчево — Николчо Стојменовски,с.р.

**2.** Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор

на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 22 став 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а по предлог на Градоначалникот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК
## за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево

### ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на (3) члена во Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево, со седиште на ул. „Методи Митевски Брицо“ бр.36, Делчево.

Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024).

Основна дејност на претпријатието 36.00- Собирање, обработка и снабдување со вода.

### ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите лица кои ќе пројават интерес за пријавување на кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Делчево https://www.delcevo.gov.mk и на веб страната на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево https://www.jkpbregalnica.mk.

### УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево, треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

– еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,

– еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и

– еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на надзорниот одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево се:
1. Образец за пријавување,
2. Кратка биографија,
3. Уверение за државјанство на Република Северна Македонија,
4. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
5. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
6. Потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија,
7. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон за бараната позиција.

ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на членовите на надзорниот одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево. се состои од две фази и тоа:
-Фаза 1 – административна селекција (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и се врши нивно бодување) и
– Фаза 2 – интервју (фаза во која преку ситуациони и стручни прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и се врши нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работата, прашања за неговото претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот и сл.).

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Делчево: https://www.delcevo.gov.mk.

РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Јавниот повик се објавува на ден 01.12.2025 година и трае 5 (пет) дена, односно најдоцна до 05.12.2025 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оригинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е во прилог кон повикот) да ја достават до:

Архивата на Општина Делчево, ул.„Светозар Марковиќ“ бр.1, Делчево (со назнака: За Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорен одбор за контрола на матријално-финансиско работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево).

Незадоволните кандидати од изборот за членови во надзорниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Бр. 09 – 2738/2 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.12.2025 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**3.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024) и член член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25), а по предлог на Градоначалникот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на својата втора одржана на 01.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИ ВО НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП „БРЕГАЛНИЦА“-ДЕЛЧЕВО**

**Член 1**

Советот на Општина Делчево формира Комисија за селекција за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално- финансиското работење на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево.

**Член 2**

За претседател и заменик претседател на Комисијата за селекција од редот на вработени во општината се именуваат

- Ивана Ивановска-претседател
- Наташа Димитровска– заменик претседател

**Член 3**

За член и заменик член на Комисијата за селекција вработени во организационата единица за управување со човечки ресурси во општината се именуваат

- Сузана Петровска – член
- Винко Ангеловски – заменик член

**Член 4**

За член и заменик член на Комисијата за селекција, вработени во Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево се именуваат:

- Методи Кушовски– член
- Соња Тасевска – заменик член

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 – 2738/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**01.12.2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Николчо Стојменовски**

**4.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 17 и 17-а став (2) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и

Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 22 став 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а по предлог на Градоначалникот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на својата втора седница одржана на 01.12.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево**

**Член 1**

Општина Делчево распишува Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево.

**Член 2**

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

**Член 3**

Постапката за избор на членови во управен одборна на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Делчево.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 2739/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.12.2025 година — Претседател
Делчево — Николчо Стојменовски

**5.** Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 17 и 17-а став (2) од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 22 став 1 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина

Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а по предлог на Градоначалникот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК
## за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови на Управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево

### ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на (5) члена во Управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево, со седиште на ул. „Методи Митевски Брицо“ бр.36, Делчево.

Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024).

### ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите лица кои ќе пројават интерес за пријавување на кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Делчево https://www.delcevo.gov.mk и на веб страната на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево https://www.jkpbregalnica.mk.

### УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на Управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

• е државјанин на Република Северна Македонија
• има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен Vll/1 степен образование
• во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите на управниот одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево, треба да имаат и најмалку 5 години работно искуство, и тоа:

– најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење и
– најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членовите на управниот одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

### НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на управниот одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево се:

1. Образец за пријавување,
2. Кратка биографија,
3. Уверение за државјанство на Република Северна Македонија,
4. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен Vll/1 степен образование,

5. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,

6. Потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија,

7. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон за бараната позиција.

ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на членовите на управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево.се состои од две фази и тоа:

-Фаза 1 – административна селекција (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и се врши нивно бодување) и

– Фаза 2 – интервју (фаза во која преку ситуациони и стручни прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и се врши нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работата, прашања за неговото претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот и сл.).

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Делчево: https://www.delcevo.gov.mk.

РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Јавниот повик се објавува на ден 01.12.2025 година и трае 5 (пет) дена, односно најдоцна до 05.12.2025 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оригинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е во прилог кон повикот) да ја достават до:

Архивата на Општина Делчево, ул.„Светозар Марковиќ“ бр.1, Делчево (со назнака: За Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА, Делчево).

Незадоволните кандидати од изборот за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Бр. 09 – 2739/2 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.12.2025 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски, с.р.

**6.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024) и член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр.75/19, 89/22, 274/22 208/24, 193/25), а по предлог на Градоначалникот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на својата втора одржана на 01.12.2025 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВЕН ОДБОР НА ЈКП „БРЕГАЛНИЦА“-ДЕЛЧЕВО

Член 1

Советот на Општина Делчево формира Комисија за селекција за избор на членови на Управен одбор на Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево.

Член 2

За претседател и заменик претседател на Комисијата за селекција од редот на вработени во општината се именуваат

- Ивана Ивановска-претседател
- Наташа Димитровска– заменик претседател

Член 3

За член и заменик член на Комисијата за селекција вработени во организационата единица за управување со човечки ресурси во општината се именуваат

- Сузана Петровска – член
- Винко Ангеловски – заменик член

Член 4

За член и заменик член на Комисијата за селекција, вработени во Јавно комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА –Делчево се именуваат:

- Методи Кушовски– член
- Соња Тасевска – заменик член

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 2739/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.12.2025 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски

Бр. 09 – 2739/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.12.2025 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**7.** Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 11 и член 306 став 2 од Законот за социјална заштита (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.104/19,146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022, 236/2022 и 273/2022, 65/23, 32/24,192/25) и член 15 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево “ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а во врска со Програмата за социјална заштита на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево на својата втора седница, одржана на ден 01.12.2025 година, го донесе следниот

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ, УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА

## ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

**Член 1**

Во Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош ( „Службен гласник на Општина Делчево“ бр.1/23), во член 1 по зборовите: „физички лица” се додаваат зборовите: „согласно со Програмата за социјална заштита на Општина Делчево која се донесува за секоја календарска година посебно” и по зборовите: „урбани и месни зедници“ се додаваат зборовите: „согласно со Програмата за месна самоуправа која се донесува за секоја календарска година посебно “.

**Член 2**

Во член 3 став 1 точка 8 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 9. точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“

По точката 9 се додава нова точка 10, која гласи:

Еднократна парична помош на еднородителски семејства.

**Член 3**

Во членот 4 став 5 алинеја 4 се брише.

**Член 4**

Во член 5 во ставот 4 се менува и гласи:

Паричната помош од став 1 на овој член се доделува на лица чии вкупни месечни примања во семејството не надминуваат износ од 40.000денари.

**Член 5**

Во член 6 во ставот 3 се менува и гласи:

Паричната помош од став 1 на овој член се доделува на лица чии вкупни месечни примања во семејството не надминуваат износ од 40.000 денари.

**Член 6**

Во член 7 во ставот 3 се менува и гласи:

Висината на паричната помош се доделува во зависност од причинетата штета и вкупните примања на семејството и е поделена во две категории:

- Прва категорија – до 15.000 денари на семејства со вкупни примања до 35.000 денари.
- Втора категорија – до 10.000 денари на семејства со вкупни примања од 35.001 денари до 5.000 денари.

**Член 7**

По членот 7 се додава нов член 7-а , кои гласи:

„ Член 7-а

Со поднесувањето на Барањето за остварување на правото на парична помош по член 4, член 5, член 6 и член 7 од овој Правилник, Барателот потпишува Изјава под морална, материјална и кривична одговорност за бројот на членови во семејството.“

**Член 8**

Во член 8 во ставот 2 се менува и гласи:
Висината на парична помош за секое новороденче изнесува 4.000 денари.

**Член 9**

Во член 10 во ставот 2 се менува и гласи:
Висината на парична помош за секое прваче изнесува 4.000 денари

**Член 10**

По членот 11 се додава нов член 11-а кој гласи:

Член 11-а

Еднократна парична помош на еднородителски семејства

Право на еднократна помош за еднородителски семејство има секое еднородителско семејство во Општина Делчево кое е потврдено од Јавната установа *међуопштински центар за социјална работа Делчево*.

Висината на паричната помош за секое еднородителско семејство изнесува 10.000 денари.

Постапката за доделување парична помош на еднородителско семејства се поведува со поднесување писмено барање на родителот до архивата на Општина Делчево.

Потребна документација за остварување на правото од став 1 на овој член е:

- Копија од важачка лична карта на барателот;
- Потврда за самохран родител од Јавната установа *међуопштински центар за социјална работа Делчево*;
- трансакциска сметка на барателот.

Со поднесувањето на барањето подносителот ја доставува целокупната документацијата пропишана во став 4 од истиот член и потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Доколку барателот ги исполнува пропишаните услови, Градоначалникот на Општина Делчево донесува решение за доделување еднократна парична помош на еднородителски семејства.

**Член 11**

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 -2740/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**01.12.2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Николчо Стојменовски, с.р.**

**8.** Врз основа на член 22, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа

(„Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 66/2004, 83/2005, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24,170/24 и 59/25), а во врска со член 15 точка 6 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево “ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021) и член 49 од Законот за здруженија и фондации („Сл.весник на РМ„ бр.52/2010,135/2011, 55/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 239/22),Советот на Општина Делчево на својата втора седница, одржана на ден 01.12.2025 година, го донесе следниот

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ
## ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА, ПРАВНИ ЛИЦА ВО ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ

### Член 1

Во Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани („Службен гласник на Општина Делчево“ бр.2/2018), во член 2 став 1 точка 1 по зборовите: „во областа на спортот“се додаваат зборовите: „согласно со Програмата за спорт на Општина Делчево која се донесува за секоја календарска година посебно” и

во член 2 став 1 точка 2 по зборовите: „здруженија на граѓани“ се додаваат зборовите: „согласно со Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор која се донесува за секоја календарска година посебно “.

### Член 2

Во член 4 по зборовите: „секоја година посебно” се додаваат зборовите: „согласно со Програмата за спорт на Општина Делчево“.

### Член 3

Во член 24 став 4 зборовите „Комисијата за спорт“ се заменуваат со зборовите „Комисија формирана од страна на Градоначалникот со Решение од редот на вработените во општинската администрација и двајца членови на Советот на Општината кои се во Комисијата за спорт “.

### Член 4

Во член 25 став 2 по зборовите: „социјална заштита“ се додаваат зборовите: „унапредување на еднаквите можности и младински политики“.

### Член 5

Во член 26 став 1 по зборовите: „ секоја година посебно” се додаваат зборовите: „согласно со Програмата за активностите на Општина Делчево за поддршка на граѓанскиот сектор “.

### Член 6

Член 28 се менува и гласи:

На јавниот повик можат да се пријават сите здруженија на граѓани кои се регистрирани и активно дејствуваат на територија на Општина Делчево  најмалку една години пред објавувањето на повикот, согласно со Законот за здруженија и фондации .

На јавниот повик можат да се пријави и Општинската организација на Црвен крст на Република Северна Македонија, како организација која е формирана со посебен Закон.

Член 7

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево.“

Бр. 09 – 2741/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.12.2025 година Претседател
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**9.**Врз основа на член 88 став 1 и став 4 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 355/1995, 16/1996, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020, 269/23, 78/25 I 132/25), а во согласност со член 84 став 5 од Статутот на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево, Советот на Општина Делчево, на својата Втора редовна седница, одржана на ден 01.12.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за именување претставнци на основачот во Училишниот одбор на СОУ „М.М.Брицо“ – Делчево**

I.За членови на Училишниот одбор на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево, се именуваат:

1. Татјана Стојковска

2. Македонка Поповска

3.Сузана Петровска

II.Членовите на Училишниот одбор од страна на основачот се именуваат за период од 4 години, со право на уште еден избор.

III.Решението влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево“.

Број 09-2742/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.12.2025 год. Претседател,

Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**10.**Врз основа на член 36 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, а согласно член 132 став 2 од Деловникот за работа на Советот на Општина Делчево, Советот на Општина Делчево, на својата Втораа седница, одржана на ден 01.12.2025 година, донесе

ОДЛУКА
за формирање на Комисија за изработка на
Програма за работа на Советот

Член 1

Се формира Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Делчево.
Комисијата е составена од 7 члена од редот на членовите на Советот и тоа:

1. Николчо Стојменовски,Претседател
2. Дејан Јовановски, член
3. Адријана Илиевска Велковски, член
4. Виктор Ѓоргиевски , член
5. Бобан Никовски , член
6. Тони Стаменковски, член
7. Катерина Величковска, член

Член 2

Комисијата има за задача да изготви Програма за работа на Советот за 2026 година.

Член 3

Програмата за работа на Советот особено содржи:
- назив на одлуките и другите општи акти и прашањата, односно темите што ќе ги разгледува Советот;
- субјектите задолжени за изготвување на актите и другите материјали и
субјектите кои соработуваат во извршувањето на задачите и работите;
- предлагач на актите и другите материјали;
- државните органи од кои ќе се бара согласност за актите, доколку давањето согласност е предвидено со закон;
- роковите во кои одделни работи треба да се извршат.
Во програмата за работа се назначува кои документи се даваат на јавна или стручна расправа или на друг облик на непосредно изјаснување на граѓаните.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 2743 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.12. 2025 год. Претседател,
Делчево Николчо Стојменовски,с.р.

**11.** Врз основа на член 5 став 3 и член 11 од Законот за јавни претпријатија („Сл.весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/202, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012,119/13 41/2014, 138/2014, 25/2015, 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/19 и 275/19),како и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002, 84/20 и 202/24), Советот на Општина Делчево, на својата Втора редовна седница, одржана на ден 01.12.2025 година, донесе

**Одлука**
**за недавање согласност на Извештајот за**
**работата на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2024**

Член 1

Со оваа Одлука **не се дава** согласност на Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2024 година, бр. 0102-457/1 од 20.08.2025 година, усвоен од страна на Управниот одбор на ЈКП „Брегалница"-Делчево, со Одлука број 0202-505/2 од 24.09.2025 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на ОпштинаДелчево".

Број 09-2744 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.12.2025 година Претседател,
Д е л ч е в о Николчо Стојменовски,с.р.

**12.** Врз основа на член 62 став 1 , во врска со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална Самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/2002) , член 22 точка 28 од Стаутот на Општина Делчево („Сл.Гласник на Општина Делчево бр.15/2013,2/2019 и 1/2021 ) и член 4 од Законот за определување на имиња на улици,поштади,мостови и на други инфраструктурни објекти „Сл.весник на РМ" бр.66/2004. 55/2007, 145/2010, 136/2011, 163/2013 и 147/2015) Советот на Општина Делчево на, на својата Прва редовна седница, одржана на ден 01.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За определување на имиња на улици во градот Делчево**

Член 1

Со оваа одлука се определуваат имиња на улици во централно градско подрачје во градот Делчево.

Член 2

Се определува името „Крале Марко " која е во склоп на централно градско подрачје- Делчево која започнува од ул.„Индустриска „ а завршува со КП бр 6604/3. Се раздвојува крак кај КП бр.6574/1 до КП бр.6586/2 и до КП бр. 6572 и крак од КП бр.6587 до КП бр.6591, продолжува од КП бр. 6574/1 до спој со ул.„Светозар Маркович", се раздвојува крак кај КП бр.6660/17 до спој со ул.„Светозар Маркович" , се крстосува со ул„Поп Стојан" кај КП бр.6600/1.

Член 3

Се определува името „ Поп Стојан “ која е во склоп на централно градско пподрачје- Делчево која започнува од ул.„Индустриска „ а завршува со КП бр 6650/8. Се раздвојува крак кај КП бр. 6599/21 до КПбр.6599/1 и карак од КП бр.6600/3 до КП бр.6599/49 спој со Ул.„Крале Марко“ , се раздвојува крак кај Кп .бр.6605/1 до КП бр.6606/1 , се крстосува со ул„ Крале Марко “ .

Член 4

КуЌните броеви на улиците „ Крале Марко “и „ Поп Стојан “ , ќе бидат определени од страна на Општина Делчево.

Член 5

Составен дел на оваа Одлука е мапа на централно градско пподрачје- Делчево со определени улици.

Член 6

Оваа Одлука стапува во сила на денот на донесувањето , а ќе се објави во Службен гласник на Општина Делчево .

**Број 09-2745/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**01.12.2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Николчо Стојменовски, с.р.**

**13.**Врз основа на член 62 став 1 , во врска со член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална Самоуправа („Сл.весник на РМ бр.5/2002) , член 22 точка 28 од Статутот на Општина Делчево („Сл.Гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013,2/2019 и 1/2021 ) и член 4 од Законот за определување на имиња на улици,поштади,мостови и на други инфраструктурни објекти(Сл.весник на РМ бр.66/2004 55/2007 145/2010, 136/2011, 163/2013 и 147/2015), Советот на Општина Делчев , на својата Прва редовна седница, одржана на ден 01.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За промена на име на улица во градот Делчево**

Член 1

Со оваа одлука се врши промена на име на улица на во централно градско подрачје во градот Делчево.

Член 2

Се врши промена на името на улица „Светозар Маркович“ во „Љубомир Белогаски“.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила на денот на донесувањето , а ќе се објави во Службен гласник на Општина Делчево .

**Број 09-2746/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**01.12.2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Николчо Стојменовски, с.р.**

**14.**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање бр.09-2655 од 21.11.2025 година, Советот на Општина Делчево на својата 2.седница, одржана на ден 01.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за спонзорство на**

**Здружение ракометен клуб ДЕЛЧЕВО-ВАРДАР Делчево**

**Член 1**

Се одобрува Барањето за спонзорство во износ од 30.000 денари на Здружение ракометен клуб ДЕЛЧЕВО-ВАРДАР Делчево.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за учество на меѓународен турнир во ракомет „РАСТИМО-ТРОФЕЈ ГРАДА НОВОГ САДА“ во Нови Сад, Република Србија.

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот од општина Делчево на име РК „ ДЕЛЧЕВО-ВАРДАР “ Делчево на трансакциска сметка 240160002262255 , УНИ банка АД Скопје.

**Член 3**

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09-2747 /1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**01.12.2025 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Николчо Стојменовски**, с.р.

## АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

15.Врз основа на член 116 став 1, алинеа 1 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/20, 229/20, 3/25 и 74/25), член 50 став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024) и член 42 став 1, точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево го донесе следното

### Р Е Ш Е Н И Е

**за престанок на мандатот на директорот на Општинското основно училиште „Св.Климент Охридски “ Делчево**

1.Со ова Решение, на директорот на Општинското основно училиште „Св.Климент Охридски“ Делчево, **Горан Димитровски,** му престанува мандатот на негово лично барање.

2.Со посебно Решение ќе биде именуван нов вршител на должноста директор на Општинско основно училиште „Св.Климент Охридски “ Делчево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со Решение за именување бр.08-763/2 од 28.04.2022 година на Градоначалникот на Општина Делчево, лицето Горан Димитровски беше именуван за директор на Општинското основно училиште „Св.Климент Охридски “Делчево, со мандат од 4 (четири) години.

До Градоначалникот на Општина Делчево доставено е Известување од Горан Димитровски, заведено под наш архивски број 08-2592/1 од ден 14.11.2025 година, согласно со кое ја дава неговата оставка од раководно лице-директор на Општинско основно училиште „Св.Климент Охридски“ Делчево.

Согласно со член 116 став (1) алинеа 1 од Закон за основното образование („Службен весник

на Република Северна Македонија“ бр. 161/20, 229/20, 3/25 и 74/25), пропишано е дека на директорот на основното училиште му престанува мандатот, ако тоа сам го побара.

Согласно со член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024) и 42 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), пропишано е дека Градоначалникот избира и разрешува директори на јавните служби што ги основала општината, врз основа на јавен конкурс.

Врз основа на лично Барање бр.08-2592/1 од 14.11.2025година на лицето Горан Димитровски, а согласно со член 116 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/20, 229/20, 3/25 и 74/25) се утврдува престанок на мандатот на директорот на Општинско основно училиште „Св.Климент Охридски“ Делчево.

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен .

**08-2592/2** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**17.11.2025**

**Градоначалник**
**Делчево** **Иван Гоцевски,с.р.**

16. Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024) и член 42 став 1, точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а во согласност со член 118, став 1, став 4 и став 5 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20, бр.229/20, 3/25 и 74/25), Градоначалникот на Општина Делчево го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување вршител на должноста на директор во Општинското основно училиште „Св.Климент Охридски “ Делчево**

1. За вршител на должноста директор од редот на вработените во Општинско основно училиште „Св.Климент Охридски“ Делчево, СЕ ИМЕНУВА лицето **Димитар Видимлиски**.
2. Функцијата вршител на должноста на директор именуваниот од точка 1 на ова Решение ќе ја врши до именување нов директор, но не подолго од шест месеци од неговото именување.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на лично барање на лицето Горан Димитровски, а согласно со член 116, став 1 алинеја 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19, 229/20, 3/25 и 74/25), се утврди престанок на мандатот на директор на Општинското основно училиште „Св.Климент Охридски“ Делчево со Решение бр. 08-2592/2 од 17.11.2025 година.

Согласно со член 118, став 1 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20, бр.229/20, 3/25 и 74/25), пропишано е дека Градоначалникот, во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител

на должноста на директор од редот на вработените во училиштето кој ги исполнува условите за директор.

Согласно со став 4 од истиот член пропишано е дека вршител на должноста директор се именува и во случаи на предвремен престанок на мандатот на директорот, додека согласно со став 5 од истиот член предвидено е дека вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување.

Постапувајќи согласно со член 118, став 1 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/20, .229/20, 3/25 и 74/25) се именува лицето Димитар Видимлиски за вршител на должноста на директор на Општинското основно училиште „Св.Климент Охридски“ Делчево.

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

08-2602/2 ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
17.11.2025

Градоначалник
Делчево Иван Гоцевски,с.р.

17.Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 141 од Статутот на Општината (Службен гласник на Општина Делчево број 15/2013,2/2019 и 1/2021), а во врска со член 84 од Законот за локална самоуправа(Службен весник на Република Македонија бр.5/2002),Градоначалникот на Општина Делчево донесе

ОДЛУКА
За распишување на избор на членови на Совет на месните и урбаните заедници на подрачјето на Општина Делчево

Член 1

Со оваа Одлука се распишуваат избори за членови на Советите на месните и урбаните заедници на подрачјето на општина Делчево.

Член 2

Изборите на членовите на Советите на месните и урбаните заедници на подрачјето на Општина Делчево ќе се спроведат во текот на месец Декември,2025 година и месец Јануари,2026 година.

Градоначалникот ќе донесе поединечни акти за свикување на собир на граѓаните за подрачјето на секоја месна единица,односно населено место и поединечни акти за распишување избори за членови на Советот на секоја месна заедница во коишто ќе биде утврдено местото и времето на одржување на собирите на граѓани коишто же бидат избрани членови на Советите на месните заедници.

Член 3

Постапката за предлагање,утврдување и избор на членови на Советот на месните заедници ќе ја спроведе Комисијата за спроведување на постапка за избор на членови на Советите на месните и урбаните заедници формирана од страна на Градоначалникот на општина Делчево.

Член 4

Граѓаните на соодветната месна и урбана заедница благовремено ќе бидат известени од Градоначалникот на општината за денот,часот и местото за одржување на Собирот на граѓаните.

Свикувањето на Собирот на граѓаните ќе биде извршено со објавување на web страна на Оптшина Делчево,како и со истакнување на соопштението на видни места на територијата месната заедница за којашто се свикува Собирот на граѓани.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Делчево.

08-1698/1 ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.11.2025 Градоначалник
Делчево Иван Гоцевски,с.р.

18.Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 141 од Статутот на Општината (Службен гласник на Општина Делчево број 15/2013,2/2019 и 1/2021) а во врска со Одлуката за распишување на избор на членови на Совет на месните и урбаните заедници на подрчјето на Општина Делчево број 08-1698/1 од 26.11.2025 година ,Градоначалникот на Општина Делчево, донесе

**ОДЛУКА**
**За распишување на избор на членови на**
**Совет на месна заедница во с.Стамер**

Член 1

Со оваа Одлука се распишуваат избори за членови Советот на Месна заедница с.Стамер,општина Делчево.

Член 2

Изборот на членови на Советот на месната заедница во с.Стамер,ќе се спроведе на ден 27.11.2025 година(четврток),со почеток во 16.00 часот.

Член 3

Постапката за предлагање,утврдување и избор на членови на Советот на месните заедници ќе ја спроведе Комисијата за спроведување на постапка за избор на членови на Советите на месните и урбаните заедници формирана од страна на Градоначалникот на општина Делчево.

Член 4

Граѓаните на соодветната месна и урбана заедница благовремено ќе бидат известени од Градоначалникот на општината за денот,часот и местото за одржување на Собирот на граѓаните.

Свикувањето на Собирот на граѓаните ќе биде извршено со објавување на web страна на Оптшина Делчево,како и со истакнување на соопштението на видни места на територијата месната заедница за којашто се свикува Собирот на граѓани.

Член 5

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр.08-1698/3 ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
26.11.2025 година Градоначалник,
ДЕЛЧЕВО Иван Гоцевски, с.р.

**19.** Врз основа на член 116 став 1, алинеа 1 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/20, 229/20, 3/25 и 74/25), член 50 став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024) и член 42 став 1, точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за престанок на мандатот на директорот на Општинското основно училиште „Ванчо Прке“ Делчево**

1.Со ова Решение, на директорот на Општинското основно училиште „Ванчо Прке“ Делчево, **Горан Велков,** му престанува мандатот на негово лично барање.

2.Мандатот на директорот на Општинското основно училиште „Ванчо Прке“ Делчево престанува заклучно со ден 01.12.2025 година.

3. Со посебно Решение ќе биде именуван нов вршител на должноста, директор на Општинско основно училиште „Ванчо Прке“ Делчево.

4.Ова Решение влегува во сила на ден 01.12.2025 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со Решение за именување бр.08-760/2 од 28.04.2022 година на Градоначалникот на Општина Делчево, лицето Горан Велков беше именуван за директор на Општинското основно училиште „ Ванчо Прке “Делчево, со мандат од 4 (четири) години.

До Градоначалникот на Општина Делчево доставена е оставка од функцијата директор од Горан Велков, заведено под наш архивски број 08-2504/1 од ден 07.11.2025 година, согласно со кое ја дава неговата оставка од директор на Општинското основно училиште „Ванчо Прке“ Делчево по искористувањето на годишниот одмор, која ќе му биде важачка од 01.12.2025 година.

Согласно со член 116 став (1) алинеа 1 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/20, 229/20, 3/25 и 74/25), пропишано е дека на директорот на основното училиште му престанува мандатот, ако тоа сам го побара.

Согласно со член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024) и 42 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), е пропишано дека Градоначалникот избира и разрешува директори на јавните служби што ги основала општината, врз основа на јавен конкурс.

Врз основа на лично Барање бр.08-2504/1 од 07.11.2025 година на лицето Горан Велков, а согласно со член 116 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/20, 229/20, 3/25 и 74/25) се утврдува престанок на мандатот на директорот на Општинско основно училиште „Ванчо Прке“ Делчево, Горан Велков на ден 01.12.2025 година.

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

| | |
|---|---|
| **Број 08-2504/2** | **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО** |
| **28.11.2025** | **Градоначалник,** |
| **Делчево** | **Иван Гоцевски, с.р.** |

20. Врз основа на член 50, став 1, точка 9 и точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024) и член 42 став 1, точка 9 и точка 16 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), а во согласност со член 118, став 1, став 4 и став 5 од Закон за основното

образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20, бр.229/20, 3/25 и 74/25), Градоначалникот на Општина Делчево го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување вршител на должноста на директор во Општинското основно училиште „Ванчо Прке“ Делчево**

1. За вршител на должноста директор од редот на вработените во Општинското основно училиште „Ванчо Прке“ Делчево, СЕ ИМЕНУВА лицето **Сашко Ивановски**.
2. Функцијата вршител на должноста на директор именуваниот од точка 1 на ова Решение ќе ја врши до именување нов директор, но не подолго од шест месеци од неговото именување.
3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на лично барање на лицето Горан Велков, а согласно со член 116, став 1 алинеја 1 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.116/19, 229/20, 3/25 и 74/25), се утврди престанок на мандатот како директор на Општинското основно училиште „Ванчо Прке“ Делчево.

Согласно со член 118, став 1 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/20, бр.229/20, 3/25 и 74/25), пропишано е дека Градоначалникот, во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста на директор од редот на вработените во училиштето кој ги исполнува условите за директор.

Согласно со став 4 од истиот член пропишано е дека вршител на должноста директор се именува и во случаи на предвремен престанок на мандатот на директорот, додека согласно со став 5 од истиот член предвидено е дека вршителот на должноста директор ги врши работите до именување на нов директор, но не подолго од шест месеца од денот на неговото именување.

Постапувајќи согласно со член 118, став 1 од Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/20, .229/20, 3/25 и 74/25) се именува лицето Сашко Ивановски за вршител на должноста на директор на Општинското основно училиште „Ванчо Прке“ Делчево.

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

**Број 08-2728/1** | **ОПШТИНАДЕЛЧЕВО**
**01.12.2025** | **Градоначалник,**
**Делчево** | **Иван Гоцевски,с.р.**

21. Врз основа на член 24-а став 1 алинеја 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25), член 50 став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024) и член 42 став 1, точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број

15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на директорот на Јавното комунално претпријатие „ Брегалница“**
**Делчево**

1. Директорот на Јавното комунално претптијатие Брегалница-Делчево, Стојче Стојковски од Делчево, се разрешува пред истекот на мандатот од функцијата директор на Јавно комунално претпријатие „Брегалница“ Делчево на негово лично барање.
2. Директорот на Јавното комунално претптијатие „Брегалница“Делчево, Стојче Стојковски од Делчево се разрешува на ден 28.11.2025 година.
3. Решението влегува во сила на ден 28.11.2025 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со Решение бр.08-323/7 од 08.04.2022 година на Градоначалникот на Општина Делчево, лицето Стојче Стојковски беше избран за директор на Јавно комунално претпријатие „Брегалница„ Делчево, со мандат од 4 (четири) години.

До Градоначалникот на Општина Делчево доставено е Барање за престанок на функцијата директор на Јавното комунално претпријатие „Брегалница“ Делчево од Стојче Стојковски, заведено под наш архивски број 08-2523/1 од ден 11.11.2025 година, согласно со кое дава оставка од лични причини и бара да му престане функцијата директор на ЈКП „Брегалница“ Делчево по искористувањето на годишниот одмор заклучно со 27.11.2025 година.

Согласно со член 24-а став 1 алинеја 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25), пропишано е дека директорот на јавното претпријатие се разрешува пред истекот на мандатот, на негово барање.

Согласно со член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024) и 42 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), е пропишано дека Градоначалникот избира и разрешува директори на јавните служби што ги основала општината, врз основа на јавен конкурс.

Врз основа на лично Барање за престанок на функцијата директор бр.08-2523/1 од ден 11.11.2025 година, а согласно со член 24-а став 1 алинеја 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25), Стојче Стојковски се разрешува од функцијата директор на ЈКП „Брегалница “ Делчево на ден 28.11.2025 година.

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

**Број 08-2523/1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**26.11.2025** **Градоначалник,**
**Делчево** **Иван Гоцевски,с.р.**

22. Врз основа на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр.75/19,

89/22, 274/22, 208/24, 193/25), член 50 став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024) и член 42 став 1, точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување вршител на должноста директор на Јавното комунално претпријатие „Брегалница“ Делчево**

1. За вршител на должноста- директор на Јавното комунално претптијатие „Брегалница“ Делчево, се именува **Марија Сумрачка** од Делчево.
2. Вршителот на должноста- директор ќе ги има сите права и обврски како директор на Јавното комунално претптијатие „Брегалница“ Делчево, сметано од 29.11.2025 година.
3. Се задолжува вршителот на должноста- директор во рок од 3 (три) дена со разрешениот директор да извршат примопредавање на правата и должностите, во согласност со позитивните законски прописи.
4. Функцијата вршител на должност- директор ќе се извршува се до изборот на директор на Јавното комунално претптијатие „Брегалница“ Делчево, но не подолго од 6 (шест) месеци.
5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на лично барање, а согласно со член 24-а став 1 алинеја 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25), лицето Стојче Стојковски беше разрешен од функцијата директор на Јавното комунално претптијатие „Брегалница“ Делчево.

Согласно со член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25), е пропишано дека до изборот на нов директор, управниот одбор, односно градоначалникот на општината, односно на градот Скопје во рок од пет дена од донесувањето на одлуката од ставот 2 на овој член, именува вршител на должноста директор на јавното претпријатие, но не подолго од шест месеци.

Постапувајќи согласно со 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.75/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25), за вршител на должноста на директор на Јавното комунално претптијатие „Брегалница“ Делчево се именува лицето Марија Сумрачка.

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Незадоволната страна има право на жалба против ова Решение во рок од 8 дена од денот на приемот, до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

**Број 08-2714/1** — **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**28.11.2025** — **Градоначалник,**
**Делчево** — **Иван Гоцевски,с.р**

23.Врз основа на член 124 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“

бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22,17/25,132/25 ), член 50 став 1, точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024) и член 42 став 1, точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за разрешување директор на Општинската јавна установа за деца- детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево**

1**.** Со ова Решение, се разрешува директорот на Општинската јавна установа за деца- детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево, **Билјана Симовска,** на нејзино лично барање.

2. Директорот на Општинската јавна установа за деца- детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево, Билјана Симовска од Делчево се разрешува заклучно со ден 01.12.2025 година.

3. Со посебно Решение ќе биде именуван нов вршител на должноста директор на Општинската јавна установа за деца- детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“ Делчево .

4.Ова Решение влегува во сила на ден 01.12.2025 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Со Решение бр.08-990/3 од 07.06.2022 година на Градоначалникот на Општина Делчево, лицето Билјана Симовска беше избран за директор на Општинската јавна установа за деца- детска градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ“ Делчево, со мандат од 4 (четири) години.

До Градоначалникот на Општина Делчево доставена е неотповиклива оставка од Билјана Симовска од функцијата директор на Општинската јавна установа за деца- детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево, заведено под наш архивски број 08-2517/1 од ден 10.11.2025 година, согласно со кое дава оставка од лични причини и бара да биде разрешена на ден 01.12.2025 година.

Согласно со 124 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22,17/25,132/25 ), е пропишано дека директорот на јавна установа за деца може да биде разрешен на лично барање.

Согласно со член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 84/2020 и 202/2024) и 42 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), е пропишано дека Градоначалникот избира и разрешува директори на јавните служби што ги основала општината, врз основа на јавен конкурс.

Врз основа на лично Барање за престанок на функцијата директор бр.08-2517/1 од ден 10.11.2025 година, а согласно со член 124 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22,17/25,132/25 ),Билјана Симовска се разрешува од функцијата директор на Општинската јавна установа за деца- детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево на ден 01.12.2025 година.

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Број 08-2517/2 ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
28.11.2025 Градоначалник,
Делчево Иван Гоцевски,с.р.

24.Врз основа на член 126 и член 127-а од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22,17/25,132/25), член 50, став 1, точка 9 и точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „ Службен весник на РСМ" бр. 84/2020 и 202/2024) и член 42 став 1, точка 9 и точка 16 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево" број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување вршител на должност директор на Општинска јавна установа за деца- детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево**

1.За вршител на должност директор на Општинска јавна установа за деца- детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево, се именува **Виолета Гиздовска** од Делчево.

2. Функцијата вршител на должноста на директор именуваниот од точка 1 на ова Решение ќе ја врши до именување нов директор, но не подолго од шест месеци од неговото именување.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Делчево".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на лично барање, а согласно со член 124 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22,17/25,132/25 ), лицето Билјана Симовска беше разрешен од функцијата директор на Општинска јавна установа за деца- детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево.

Согласно со член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22,17/25,132/25), е пропишано дека Градоначалникот, во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста директор од редот на вработените на установата кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување нов директор, најмногу до шест месеци од денот на неговото именување.

Согласно со член 127-а од истиот закон пропишано е дека вршителот на должност директор од членовите 126 и 127 од овој закон не е должен да поседува лиценца за директор како и да поседува еден од меѓународно признати сертификати или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години ТОЕФЕЛ ИБТ- најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS)- најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal)- најмалку А2 (А2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен, БУЛАТС (BULATS)- најмалку 60 бода, односно АПТИС (APTIS)- најмалку ниво Б2 (B2).

Постапувајќи согласно со член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ"

бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22,17/25,132/25 ), за вршител на должноста на директор на Општинска јавна установа за деца-детска градинка ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ Делчево од редот на вработените на установата се именува лицето Виолета Гиздовска.

Врз основа на гореизнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова Решение во рок од 8 дена од денот на приемот, до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

Бр.08-2729/1
01.12.2025
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Иван Гоцевски,с.р.

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
"Светозар Марковиќ" *бр.1, 2320* Делчево Тел./Факс: +389(0)33
411 550 e-mail: info@delcevo.gov.mk *www.delcevo.gov.mk*

Република Северна Македонија
УП 1 бр 08 - 45 од 29.10.2025 г
Општина Делчево

Постапка : 54376

Градоначалникот на Општина Делчево, решавајќи по барањето бр. 0307-110/1 од 27.07.2023 г. за одобрување УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН - За Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште(Е-1.13) со моќност до 1MW, на дел од КП 4442, КО Ветрен, Општина Делчево тех.бр. 006/01/23 од јули 2025 г - изработен од Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје – Лиценца бр.0018 издадена на 14.01.2019 г., врз основа на член 62 став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на Република Северна Македонија бр.32/2020 , 111/2023, 171/24,224/24 и 40/25 ), донесе :

## РЕШЕНИЕ

за ОДОБРУВАЊЕ на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН - За Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште(Е-1.13) со моќност до 1MW, на дел од КП 4442, КО Ветрен, Општина Делчево тех.бр. 006/01/23 од јули 2025г.

Член 1

Се ОДОБРУВА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН - За Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште(Е-1.13) со моќност до 1MW, на дел од КП 4442, КО Ветрен, Општина Делчево тех.бр. 006/01/23 од јули 2025 г - изработен од Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје – Лиценца бр.0018 издадена на 14.01.2019 г.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот /те , Дарко Тодоровски поднесе барање преку полномошникот - ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје – УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН - За Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште(Е-1.13) со моќност до 1MW, на дел од КП 4442, КО Ветрен, Општина Делчево тех.бр. 006/01/23 од јули 2025 г. во pdf. документ и dwg. запис и пратечка документација , преку информацискиот систем е-урбанизам во постапка УП член 58 став 6 бр на постапка 54376.

За урбанистичкиот проект , Комисијата за урбанизам на Делчево , врз основа на член 62 став 10 и член 38 став 8 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/2020 и 111/2023), достави Мислење УП 1 бр 08 – 45 од 15,10.2025 г со кое потврдува дека урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање („ Службен весник на Република Северна Македонија" бр.

32/2020 и 111/2023) и Правилникот за урбанистичко планирање ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 225/2020, 219/2021, 104/2022 и 99/2023), и му предложи на Градоначалникот да го одобри урбанистичкиот проект, врз основа што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Градоначалникот на Општина Делчево по извршениот увид во приложената документација и позитивно мислење - предлог од Комисијата за урбанизам УП 1 бр 08 - 45 од 15.10.2025 г констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање планирање ( Службен весник на Република С Македонија бр 32/20 ) и донесе решение како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот таксирана со 250,00 денари административна такса.

изработил:
диа Горан Петровски
Андријана Соколовска

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Иван Гоцевски

## СОДРЖИНА

### Совет на Општина Делчево

1.РЕШЕНИЕ за објавување акти од Втора седница................................................................ 2
2.**Одлука** за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево....................................................................... 4
3. **Јавен повик** пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево..................................................................................................... 5
4. **Решение** за формирање на Комисија за селекција на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево.... 7
5. **Одлука** за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево.8
6. **Јавен повик** пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управниот одбор на ЈКП „Брегалница“ Делчево...........................................................................9
7. **Решение** за формирање на Комисија за селекција на членови во Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево.........................................................................10
8. **Правилник** за измена на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош.............................................................................11
9. **Правилник** за измена на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на финансиска помош на спортските клубови, спортските здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани.............................................................................14
10. **Решение** за именување претставници на основачот во Училишниот одбор на СОУ „М.М.Брицо“ – Делчево.......................................................................................................................................15
11. **Одлука** за формирање Комисија за изработка на Програма за работа на Советот на општина Делчево за 2025 година...........................................................................................................16
12. **Одлука** за недавање согласност на Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2024 година..........................................................................................................................................17
13. **Одлука** за определување на имиња на улици во градот Делчево...................................................17
14. **Одлука** за промена на име на улица во градот Делчево.................................................................18
15. **Одлука** за спонзорство на Здружение ракометен клуб ДЕЛЧЕВО-ВАРДАР Делчево.......................18

### Градоначалник на Општина Делчево

16.**Решение** за престанок на мандат на директорот на ООУ „Св.Климент Охридски“..............19
17.**Решение** за именување вршител на должноста на директор на ООУ „Св.Климент Охридски“..........................................................................................................................20
18.**Одлука** за распишување на избор на членови на Совет на месните и урбаните заедници на подрачјето на Општина Делчево...........................................................................................21
19. **Одлука** за распишување на избор на членови на Совет на месна заедница во с. Стамер...22
20.**Решение** за престанок на мандатот на директорот на ООУ „Ванчо Прке“.........................23
21.**Решение** за именување вршител на должноста на директор на ООУ „Ванчо Прке“..........................................................................................................................25

**22.Решение** за разрешување на директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево.......................... 25
**23.Решение** за именување вршител на должноста на директор на ЈКП „Брегалница“ Делчево........................................................................................................................26
**24.Решение** за разрешување директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево........................27
**25.Решение** за именување вршител на должноста на директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“ Делчево........................................................................................................................28
**26.Решение** за одобрување на Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за фотонапонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште (Е-13) со моќност 1MW, на дел од КП 4442, КО Ветрен, Општина Делчево, тех.бр.006/01/23 од јули 2025

*****************************************